# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

Проф. Добрин Мичев, АНТИФАШИСТИЧЕСКАТА БОРБА В ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЯ 1941-1944. "*Македонски преглед*", Македонски научен институт, год. XVIII, книга втора, София, 1995, 5-39.

Софискиот историчар, проф. д-р Добрин Мичев во списанието "Македонски преглед" се јавува со воведна статија, под наслов: "Антифашистичката борба во Вардарска Македонија 1941-1944 год."

Но, за подобро да ја разбереме целта на оваа статија и посебно улогата на списанието и издавачот, неопходно е да кажеме неколку збора и за самиот Македонски научен институт од Софија.

Идејата за формирање на овој Институт родена е по Букурешкиот мировен договор од 1913 година, кога Македонија беше поделена меѓу Бугарија, Грција и Србија, а реализацијата следеше во 1923 година. Институтот беше основан со цел: "да ја проучува историјата, етнографијата и јазикот на македонските Бугари. Да ја разоткрива вистината пред европската општествена јавност. Вистината за положбата на Бугарите од Егејска и Вардарска Македонија".

По завршувањето на Втората светска војна, во март 1947 година, по едно опширно и аргументирано барање на Централниот комитет на КПМ преку ЦК КПЈ, упатено до ЦК БРП(к), потпишано од претседателот на ЦК КПМ - Лазар Колишевски. Поради новонастанатите услови по Втората светска војна, со ова писмо се бара, Македонскиот научен институт да ја прекине својата работа.

Со образложение дека "со создавањето на македонската народна република во рамките на ФНРЈ, понатамошното постоење на македонски институции, и организации во Бугарија, е неоправдано, Собранието на Македонскиот научен институт во мај 1947 година, донесе одлука библиотечниот фонд и етнографската збирка да ја подари на Народната библиотека и Народниот музеј во Скопје. Македонскиот научен институт да престане со својата активност".

Истата година библиотечниот фонд и збирката пренесени се во Македонија.

Меѓутоа, во јули 1990 година, по промените што настанаа во бившите источно-европски земји, во Бугарија обновена е работата на овој институт и истиот реализиран со судско решение. Во образложението на решението, меѓу другото се вели: "Се регистрира македонски научен институт, со цел да работи со средства на науката и документацијата, односно да докаже за насилствената денационализација на бугарското население во Македонија, да ги разобличува фалсификатите на историското минато..." и се во тој дух. Во истото образложение проф. Петар Шапкарев се потврдува за претседател на Управниот совет, а доцентот Димитар Гоцев за заменик претседател на Советот.

Со обновувањето на работата на Македонскиот научен институт, обновено е и издавањето на органот на Институтот "Македонски преглед", под ист наслов, формат и боја, како продолжените на прекинатите годишта од ова списание од 1947 година. Како што стои во редакцискиот вовед на првиот возобновен број на ова списание (Г. XIV, бр. 1, 1991 год.), покрај другото се вели:

"... со силата на науката ќе ја брани вистината за Бугарите во Македонија, ќе ја

докажува нивната национална припадност и карактерот на нивните борби за културна и политичка независност, ќе ја брани бугарштината во таа измачена историски бугарска земја... Редакцијата ќе реагира против сите обиди преку кои се оспорува бугарската национална припадност на населението во Македонија...".

И така во продолжението сè во тој големобугарски дух.

Но, да се вратиме на статијата, што е повод на нашето јавување.

Во оваа статија, Софискиот учен Добри Мичев, го прави најголемото научно откритие на овие балкански простори по војната, во изучувањето на Втората светска војна, тврдејќи притоа дека и на територијата на Вардарска Македонија, која во април 1941 година, беше обединета со Бугарија, исто така, започнала антифашистичка борба, која ја воделе комунистите и дека таа борба има интересни карактеристики, затоа што е водена во прв ред на територија која пред тоа е ослободена од Хитлер и Богдан Филов, како и на делот на територијата која била окупирана од страна на Италија. Значи делот што се приклучил кон Бугарија е ослободен, според овој автор, а другиот, западниот дел е окупиран од Италија!?

На крајот од статијата во овој ист дух, авторот заклучува: "парадоксот на антифашистичката војна е уште поголем, затоа што Вардарска Македонија, која го доби своето ослободување и обединување со помош на бугарското и германското оружје, повторно е поробена во крајот на Втората светска војна со помош на антихитлеровата коалиција. Делото на АСНОМ, всушност е дело на национално предавство, кое доведе до нова трагедија на бугарштината во Вардарска Македонија." (стр. 37)

Не случајно почнавме со првата и последната страница на печатената статија. Затоа што реченото меѓу споменативе две "научни откритија" кога се зборува за Вардарска Македонија во Втората светска војна, меѓу страниците 5 и 39 исполнети се со мноштво фалсификати, невистини и лаги, за кои ако сакаме поединечно да се задржиме ќе треба многу време и простор. Токму во интерес на просторот и времето, во оваа пригода, ќе се осврнеме само на некои оцени дадени во оваа статија.

Со цел да ги докажува и оправдува своите тези за бугарскиот карактер на населението од Вардарска Македонија, проф. Добри Мичев, низ целиот текст ја лансира тезата за македонската нација како за коминтерновска творба, како творба на Тито и Сталин. Образложувајќи го притоа своето становиште со фактот дека тоа е сторено по инсистирањето на Тито преку Ѓорги Димитров. Притоа, не ја споменува повеќевековната борба на македонскиот народ за здобивање на сопствена слобода и независност, ниту пак борбата што ја водеше во текот на Втората светска војна заедно со другите народи на Југославија, во рамките на антихитлеровската коалиција и со многубројни човечки и материјални жртви, се избори за слободата, туку го истакнува фактот што Бугарија во текот на Втората светска војна била на страната на Оската Рим-Берлин-Токио.

Низ статијата до крајни граници се омаловажува и девалвира ослободителната борба на македонскиот народ. Се тврди дека партизанските одреди во Македонија 1941-1942, како и бројот на воените единици: баталјони, бригади, дивизии и корпуси, кои се споменуваат и обработуваат во нашата историографија, биле фиктивни, само на хартија. Дури под сомневање го става и учеството на македонските единици.(15 македонски ударен корпус-м.б.), во завршните операции за ослободувањето на Југославија и победата над фашизмот.

Секретарот на Покраинскиот Комитет на КПЈ за Македонија (септември 1940-септември 1941), Методија Шаторов-шарло, се прикажува како борец за поврзување на борбата со Бугарија, за сменувањето од секретарската должност неговото заминување на илегални и военопартиски должности во Бугарија во движењето на отпорот, и се кажува дека е убиен спроти 9

септември 1944 година, непосредно пред капитулацијата на Фашистичка Бугарија. Не е случајно што проф. Добри Мичев, не кажува под какви околности е убиен Методија Шаторв-Шарло. Не го споменува ниту податокот дека во врска со расветлувањето на мистериозното убиство набргу потоа беше формирана партиско-државна комисија, но резултатите од истрагата ни до денешни дни не се обелоденети во јавноста. Зошто?

Пак, тесно поврзано со горното прашање, авторот го елаборира и прашањето за приклучувањето на партиската организација на Македонија кон бугарската работничка партија (БРП), пролетта 1941 година, одлуката на комунистичката интернационала (КИ), за останување на КП во Македонија, во составот на КПЈ. Притоа, никаде не го споменува барањето на КИ за заземањето на јасен став, од страна на БРП, за македонското прашање. Ова таа го прави во декември 1941 година, со посебно обраќање под наслов: "За самоопределување на Македонија". Во овој материјал меѓу другото се осудува окупацијата на Македонија од страна на фашистичка Бугарија; Илинденското востание се именува македонско; сите револуционери од илинденскиот и поилинденскиот период, се тврди дека се Македонци, итн.

Статијата изобилува со бројни фактографски грешки (намерни или од непознавање на фактичката состојба). Така на пр. за секретарот на ПК на Македонија - Лазар Колишевски, се зборува дека е провален и затворен во септември 1941 година. (Тоа е сторено на 6. 11. 1941) (м.б.). Но, притоа не кажува од кого е затворен? За Мирче Ацев и Страшо Пинџур зборува како безмалу Страшо да се фрлил сам доброволно низ прозорецот во Скопскиот затвор да се самоубие, а за Страшо се вели дека тој и избегал на стражата при неговото спроведување. Главниот штаб на НОВ и ПОМ, според авторот е формиран дури во 1943 година (фактички тој е формиран пролетта 1942 година, односно дотогашниот Покраински штаб прераснува во Главен штаб, со командант Михајло Апостолски (м.б.).

Низ целиот текст се зборува за уништување на партизанските одреди во Македонија 1941-1944 година, но никаде не се споменува кој ги уништува и со кого се судруваат овие македонски партизански одреди. Од што се плаши авторот? Факт е дека македонските партизански одреди, и воените единици, во текот на НОБ водеа вооружени судири во прво време со бугарската полиција, од средината на 1942 година, по наредба на надлежното министерство во операциите активно се вклучува и фашистичката окупаторска бугарска армија.

Понатаму, се зборува дека во Македонија немало никаков Февруарски поход на македонските единици 1944 година и дека е сето тоа измислено!? За Второто заседание на АВНОЈ, одржано во Јајце, ноември 1943 година, зборува дека не биле избрани делегати од Македонија, и тоа била гола измислица. Меѓутоа, не испушта да каже дека по Второто заседание на АВНОЈ, со декларацијата на Отечествениот фронт на Бугарија, се оспоруваат одлуките на ова заседание и признавањето, односно вклучувањето на Федерална Македонија во идната федеративна Југославија, и се предлага автономија на Македонија, под протекторат на големите сили што е во сушта спротивност со ставовите изнесени во декември 1941 година.

И во тоа нема ништо чудно кога е во прашање односот на источниот сосед кон Македонија, македонската нација, македонскиот јазик, во минатото и сега. Истите тези се повторуваат во други времиња. За жал, 50 години по завршувањето на Втората светска војна и победата над фашизмот, и после 50 години на македонска држава, и се она што го постигна Македонија, и македонскиот народ на економски план, во сферата на образованието и науката, повеќе од очигледно е дека во бугарската историографија, со

исклучок на периодот 1945-48 година, во однос на посебноста на македонскиот народ, ништо не се менува.

Според најавата на проф. Добри Мичев, допрва претстои ревизија на продукцијата на бугарската историографија за настаните во Вардаскиот дел на Македонија.

Ако по утрото се познава денот, и ако тоа преиспитување се одвива во духот на целите и задачите што пред себе ги има зацртано обновениот македонски научен институт во Софија, и неговиот орган "Македонски преглед", однапред можеме да предвидиме какви ќе бидат резултатите, заклучоците и насоките на бугарската историографија, и тоа не само во Вардарскиот дел на Македонија, во периодот на Втората светска војна.

А за какво бугарско и германско "ослободување" се работи за Вардарска Македонија, најдобро говорат следните податоци.

За време 40-месечната бугарска окупација во Вардарска Македонија, организирани се околу 160 судски процеси, на кои им е судено на комунисти, организатори и раководители на востанието, и на други прогресивни сили, кои не се помируваат со новосоздадената положба во Македонија, по Априлската војна од -1941 година. Во просек секоја недела бугарските воено полеви судови организираа и одржуваа по еден процес. Пред овие судови изведени се преку 4500 луѓе од кои 800 се осудени на смрт или доживотна робија, а другите на временски казни до 20 години робија. Судените кои добиваа ослободителна пресуда беа депортирани во 103-те логори во Бугарија.

Низ бугарските затвори за време на окупацијата во Вардарска Македонија, поминати се преку 40.000 луѓе или во просек 1000 секој месец.

Бугарскиот воен полициски и административен апарат за цело време на окупацијата во Вардарска Македонија, изнесува преку 45.000 луѓе, несметајќи ги тука просветните работници, кои исто така беа доведувани од Бугарија.

Владо ИВАНОВСКИ

## ТУРСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ПОПИСИ ОД XIX ВЕК КНИГА I

Превод, редакција и коментар, м-р Драги Ѓорѓиев, м-р Ахмет Шериф, Лили Благадуша, Скопје, 1996, 320.

Архивот на Македонија во соработка со Матица Македонска ја продолжува традицијата на објавување архивска граѓа од турската провиниенција. Архивот на Македонија започнува со издавање на една нова серија на турски дефтери под наслов "Турски документи за историјата на Македонија, пописи од XIX век."

Во оваа прва книга објавена под редакција, превод и коментар на м-р Драги Ѓорѓиев, м-р Ахмет Шериф и Лили Благадуша, обработени се четири дефтери од првата половина на XIX век.

Станува збор за два дефтери за проверка на промените кај христијанското население (Yoklama defteri), едниот за Скопската каза од 1833/34 година, а другиот за Велешката каза од 1852 година, потоа еден дефтер кој претставува попис на недвижните вакафски имоти во градот Битола од 1837/38 година, и најпосле дефтер во кој се регистрирани еснафите на градот Лерин и чифлиската раја во селата на неговата околина во 1834/35 година.

Дефтерите за проверка на христијанското население биле правени во определени интервали, обично на секои 6 месеци; во нив не биле регистрирани сите куќи и домаќинства туку само оние домаќинства и членови кои биле обврзани да го плаќаат личниот данок -